# ОДЛУКА

за усвојување на Ревидираните консолидирани финансиски извештаи на Стопанска банка АД – Скопје за 2024 година

Скопје, Мај 2024 година

Врз основа на член 26 од Статутот на Стопанска банка АД - Скопје (С.О. бр.470/30.05.2024 година, пречистен текст), Собранието на акционери на Стопанска банка АД - Скопје на седницата одржана на 30.05.2025 година донесе

**ОДЛУКА**
за усвојување на Ревидираните консолидирани финансиски извештаи на Стопанска банка АД - Скопје за 2024 година

1. Ревидираните консолидирани финансиски извештаи за 2024 година на Стопанска банка АД – Скопје, подготвени согласно сметководствената регулатива во Република Северна Македонија и Мислењето на Надзорниот одбор, се УСВОЈУВААТ.

2. Ревидираните консолидирани финансиски извештаи на Стопанска банка АД – Скопје, кои се состојат од билансот на состојба на 31 декември 2024 година и билансот на успех, извештајот за промени во капиталот и извештајот за парични текови за годината што заврши и резиме на значајни сметководствени политики и други објаснувачки белешки, се ревидирани од друштвото за ревизија *ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје*.

3. Ревидираните финансиски извештаи за 2024 година се составен дел на оваа Одлука.

4. Оваа одлука влегува на сила на денот на донесувањето.

С.О. бр.
30.05.2025 година
Скопје

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**
Претседавач

**Писмено мислење кон ревидираните консолидирани финансиски извештаи**

1. Согласно Законот за банки, на предлог на Одборот за ревизија, Надзорниот одбор, Собранието на акционери на Стопанска банка АД - Скопје (СБ) на седницата одржана на 31.05.2024, ја избра ревизорската компанија PricewaterhouseCoopers Revizija DOO Skopje како овластен ревизор да изврши ревизија на финансиските извештаи и сметководствената евиденција поврзана со активностите на СБ за деловната и фискална **2024 година**, согласно локалната регулатива.
2. Согласно локалната регулатива, избраната ревизорска компанија ги ревидираше финансиските извештаи на СБ кои се состојат од биланс на состојба на декември, 2024 година, биланс на успех, извештај на промени во капиталот и извештај за парични текови за годината која завршува на таа дата и резиме на значајни сметководствени политики и други објаснувачки белешки.
3. Надзорниот одбор во целост ја прифаќа одговорноста на Раководството за подготвување и фер презентација на финансиските извештаи согласно локалната регулатива и стандардите.
4. Надзорниот одбор целосно ја прифаќа одговорноста на Ревизорската компанија да изрази мислење базирано на нивната ревизија на презентираните финансиски извештаи согласно локалните стандарди за ревизија, како и согласно етичките стандарди, да изразат разумна увереност дека финанските извештаи не содржат материјални разлики.
5. По извршување на ревизијата на презентираните финансиски извештаи, се издава следното мислење:

   *Мислење*

   *Според наше мислење, консолидираните финансиски извештаи на Стопанска банка АД - Скопје точно ја претставуваат, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Банката на 31 декември 2024 година, како и нејзината финансиска успешност и паричните текови за годината што заврши согласно сметководствената регулатива на Република Северна Македонија.*

6. Членовите на Надзорниот одбор на СБ ги разгледаа ревидираните финансиски извештаи и добиеното ревизорско мислење. Беше заклучено дека финансиската состојба и резултатите на работењето на Банката се претставени вистинито и целосно со релевантните финансиски извештаи. Надворешниот ревизор на Банката нема откриено каков било аспект што материјално ќе влијае на финансиските извештаи.

7. Надзорниот одбор ја изразува својата благодарност на Ревизорската компанија за нивната конструктивна соработка и придонесот.

Н.О. бр. /2025
29.04.2025
Скопје

**Надзорен Одбор**

Претседавач

Маринис Стратопулос